Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневни настани 08.05.2024

На 07.05.2024 во 23.20 часот на езеро Младост во Велес, полициски службеници од Полициска станица за безбедност на патниот сообраќај при СВР Велес ги лишиле од слобода Д.Ј.(29) и Л.Т.(29), двајцата од Велес. При преглед на патничко возило „ауди" со велешки регистарски ознаки, управувано од Д.Ј., а сопатник бик Л.Т., била пронајдена и одземена марихуана. Тие биле приведени во полициска станица и по документирање на настанот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (08.05.2024) во 02.10 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.М.(25) од с.Трубарево, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.05.2024 во 20.40 часот на подрачјето на Средно Водно, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.П.(20) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.05.2024 во 21.30 часот на подрачјето на Чаир, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.М.М.(27) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.05.2024 во 22.00 часот во Битола, полициски службеници од СВР Битола лишиле од слобода малолетник од Битола затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 07.05.2024 во 10.10 часот во ОВР Ресен било пријавено дека во Преторска Река кај с.Претор, ресенско, биле пронајдени две неексплодирани гранати. Пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување гранатите биле безбедно подигнати, при што констатирал дека се работи за две гранати 75 мм кои потекнуваат од Првата светска војна.

На 07.05.2024 во 18.00 часот на Граничниот премин Деве Баир, полициски службеници го привеле Б.К.(57) од Република Турција затоа што при пасошка контрола и проверка било констатирано дека меѓународните зелени карти за осигурување на товарно возило „волво" и полуприколка со турски национални ознаки, кое го управувал, биле фалсификувани. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 07.05.2024 во 23.00 часот на Граничниот премин Деве Баир, полициски службеници го привеле А.Д.(38) од Република Турција затоа што при извршена пасошка контрола и проверка било констатирано дека меѓународните зелени карти за осигурување на товарно возило „мерцедес" и полуприколка со турски национални ознаки, кое го управувал, биле фалсификувани. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 07.05.2024 во 21.20 часот на Граничниот премин Долно Блаце, полициски службеници го привеле Х.Б.(36) од Косово затоа што при извршена пасошка контрола било констатирано дека приложил туѓа косовска лична карта. Тој бил предаден на полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија Скопје за понатамошна постапка.

На 07.05.2024 во 23.55 часот во СВР Струмица било пријавено дека на регионален пат Струмица - Валандово, пред село Костурино, струмичко, патничко возило „фолксваген пасат" со струмички регистарски ознаки, управувано од К.М.(46) од село Куклиш, струмичко, удрило во пешакот Р.С.(44) од село Јосифово, валандовско. По несреќата Р.С. била пренесена во Медицински центар Струмица, каде што од лекар била констатирана смрт. Увид на местото на несреќата извршила екипа на Полициската станица Струмица.

На 07.05.2024 во 10.43 часот во СВР Битола било пријавено дека на крстосницата од булевар „1 Мај" и ул.„Столарска" во Битола, патничко моторно возило „опел корса" со битолски регистарски ознаки, управувано од Н.Д.(77) од Битола, удрило во пешакот Д.Ј.(53) од Битола. Во несреќата Д.Ј. се здобила со тешки телесни повреди констатирани во Клиничка болница Битола. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на СВР Битола.

На 07.05.2024 во 15.55 часот во СВР Куманово било пријавено дека на крстосница од бул.„Трета македонска ударна бригада" и ул.„Видое Смилевски Бато" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „цитроен" со кумановски регистарски ознаки, управувано од С.Т.(52) од Куманово и патничко возило „хонда" со кумановски регистарски ознаки, управувано од М.Д.(33) од Куманово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот С.Т., додека неговата сопатничка М.Т.(19), возачот М.Д и негови двајца малолетни сопатници, сите од Куманово, се здобиле со телесни повреди констатирани во Ургентен центар Куманово. По овластување на јавен обвинител извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 07.05.2024 во 13.40 часот во Полициската станица Аеродром, Ф.А.(34) од Скопје пријавил дека на бул.„Јане Сандански" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 07.05.2024 во 17.30 часот во Полициската станица Карпош, А.В.(47) од Скопје пријавила дека на Средно Водно била касната од куче скитник.

На 07.05.2024 во 20.15 часот во Полициската станица Драчево, И.Л.(29) од Скопје пријавил дека на ул.„Малешевска" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 07.05.2024 во 03.00 часот, во казино на булеварот „Туристичка" во Охрид, лишен од слобода е Р.Б.(28) од кичевското село Долно Страгомиште. Тој се сомничи дека во оптек пуштил лажни евра кои сакал да ги прикажи како вистинити, со што сторил кривично дело „фалсификување пари", според член 268 од Кривичниот законик. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.05.2024 во 18.55 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Р`жаничино, скопско, трактор „ИМТ" со скопски регистарски ознаки, управуван од Г.К.(50) од с.Р`жаничино, удрил во пешакот С.Л.(57) од истото село. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила С.Л., констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза" Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 07.05.2024 во 20.00 часот во СВР Скопје, З.К.(75) од Скопје пријавил дека на 03.05.2024 околу 10.00 часот, на паркинг простор на ул.„Радишанска" во Скопје, бил удрен од патничко возило „опел корса", по што возачот го напуштил местото. Според пријавеното, на 07.05.2024 тој отишол на преглед во Градската општа болница „Св.Наум Охридски", каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (08.05.2024) во 00.40 часот во СВР Скопје, Р.Х.(25) од Скопје пријавила дека околу 00.20 часот на подрачјето на Гази Баба, поради претходно меѓусебно нетрпение и нерасчистени имотно - правни односи била физички нападната од Б.И.(54) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.05.2024 во 18.20 часот во СВР Скопје, А.М.(43) од с.Долно Свиларе, скопско, пријавил дека во селото тој, неговиот малолетен син, неговиот брат М.М. и А.Ш. биле физички нападнати од Б.М., Р.М. и А.М., сите од с.Долно Свиларе, кои употребиле и тврди предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.05.2024 во 08.10 часот, на магистралниот пат Ќафасан - Подмолје, кај клучката за струшкото село Радожда, патничко возило „мерцедес" со албански национални ознаки, управувано од Ѓ.А.(55) од Елбасан, Република Албанија, излетало надвор од коловозот. Во несреќата, со тешки телесни повреди се здобил совозачот Б.Х.(31), а со телесни повреди се здобиле возачот Ѓ.А. и сопатниците М.Ц.(51), Ц.П.(34)и Д.Х.(24), сите од Република Албанија, констатирани во болницата „Св.Еразмо" во Охрид. Увид извршија полициски екипи.

На 07.05.2024 во 13.37 часот во СВР Скопје, Ф.Х.(44) од Скопје пријавила дека околу 13.00 часот, нејзиниот малолетен син, кој работел како чирак во берберница на подрачјето на Бит Пазар, бил физички нападнат од сопственикот на берберницата М.А.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.05.2024 во 16.00 часот во СВР Скопје, С.М.(36) од Скопје пријавила дека на 06.05.2024 околу 14.30 часот на подрачјето на Центар во Скопје била физички нападната од две женски лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.05.2024 во 22.10 часот во СВР Скопје, Н.В.(40) од Скопје пријавила дека околу 20.00 часот на подрачјето на Гази Баба, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од неколку малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.05.2024 во 16.30 часот, Д.Р.(60) од Кичево во надлежната полициска станица пријави дека на локален пат во кичевското село Вранештица бил каснат од куче скитник. Истиот ден, Г.С.(49) од кичевското село Староец пријави дека на улицата „4 Јули" во Кичево бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет